РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

Број 0201-2124/19

17.11.2026 година

АЕК

АЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5 и член 111 став (9) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија", бр .135/2025, 269/2025 и 132/2026), (во натамошниот текст ЗЕК) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.11.2026 година донесе:

ЈАВЕН ТЕНДЕР 0201-2124/19

Член 1

Се распишува јавен тендер за избор на оператор и/или давател на универзална услуга за услугите утврдени во членот 2 од оваа одлука

Предмет на јавниот тендер

Член 2

Предмет на јавниот тендер е избор на оператор и/или давател на универзална услуга за следните услуги опфатени со универзалната услуга:

- Обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги,
- Обезбедување на услуги за информации и јавен именик, и
- Обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги.

При обезбедувањето на услугите, избраниот оператор и/или давател на универзална услуга е должен да обезбеди еднаков пристап и избор на крајните корисници со попреченост, во согласност на член 110 од ЗЕК и соодветните одредби од Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга („Службен весник Република Северна Македонија", број 207/2026), (во натамошниот текст: Правилникот).

Број на оператори и/или даватели на универзалната услуга за обезбедување на услугите предмет на јавниот тендер

Член 3

1. Обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги

Агенцијата за електронски комуникации распишува јавен тендер за избор на еден оператор на универзална услуга за обезбедување пристап на фиксна локација и телефонски услуги, вклучително и преносна податоци со брзина од 30 Mbps во дојдовна насока (downlink), по разумно барање на краен корисник, во согласност со членовите 9 и 10 од Правилникот.

Операторот на универзалната услуга за поврзување на фиксна локација со јавна комуникациска мрежа треба на секој краен корисник, врз основа на негово разумно барање да му овозможи:

-Појдовни и дојдовни говорни повици во националниот (домашниот) и меѓународниот телефонски сообраќај,

- Комуникација преку факс машина,

- Пренос на податоци со брзина од 30 Mbps за дојдовна насока (downlink) доволна за ефикасен пристап до интернет, согласно член 10 од Правилникот.

Избраниот оператор е должен дај ја обезбеди брзината од 30Mbps во дојдовна насока најдоцна во рок од 1 година од склучувањето на договорот, согласно член 10 став (2) од Правилникот. Услугите се обезбедуваат преку јавна комуникациска мрежа, независно од применетата технологија (кабелска или радиокомуникациска), и се достапни непрекинато за времетраењето на корисничкиот договор, освен во законски определените случаи, согласно член 9 ставови (2) и (3) од Правилникот.

Операторот на универзалната услуга воспоставува и одржува служба за грижа за корисниците: служба за информации во врска со услугите достапна од 08:00 до 20:00 часот, и служба за пријава и отстранување на дефекти достапна 24 часа, секој ден во неделата, согласно член 9 ставови (4) и (5) од Правилникот.

Операторот на универзалната услуга е должен на сите редовни и посебни основни и средни училишта во Република Северна Македонија, по нивно разумно барање и по цени базирани на трошок да им обезбеди соодветни услуги, терминална опрема за пристап до услугата пренос на податоци со брзина од 30 Mbps за учениците кои што од овие училишта се идентификувани како ученици со посебни образовни потреби, согласно член 18 став (7) од Правилникот.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици при обезбедувањето на услугите треба да ги имаат предвид потребите на крајните корисници со попреченост со преземање на соодветни мерки, а со цел да им обезбедат пристап до услугите и прифатливост на цените на услугите еквалентни на оние што ги имаат другите крајни корисници на комерцијална основа во Република Северна Македонија.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на универзална услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба на лицата со оштетен слух или на лицата со сериозни говорни проблеми да им понуди терминална опрема по цена базирана на трошок која ќе им овозможи повици еднакви на говорните (како на пример: праќање на текстуални пораки или избор на некој друг визуелен начин). Секоја поправка или замена на терминалната опрема ќе биде извршена бесплатно од страна на давателот на универзалната услуга, освен ако се докаже дека крајниот корисник ја злоупотребил терминалната опрема.

Операторот на универзалната услуга на обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба да обезбеди на слепите лица и лицата кои имаат сериозни

проблеми со видот можност за примање на бесплатни информации за цената на услугите или за нивната последна телефонска сметка со бирање на посебен број.

Операторот на универзалната услуга за обезбедување на појдовни и дојдовни говорни повици треба да овозможи на крајните корисници со попреченост, на нивно барање плаќањето на сметката од обезбеденатa универзална услуга да се изврши на адресата на која што живее лицето.

Операторот на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги е должен да понуди посебни цени или пакети, што се разликуваат од оние што се обезбедуваат врз основа на стандардни комерцијални услови со цел на крајните корисници со статус на социјален случај и/или на крајните корисници со посебни социјални потреби согласно со закон, да им се обезбеди користење на услугите опфатени со универзалната услуга.

Операторот на универзална услуга е должен цените за поединечните услуги што ги обезбедува како универзална услуга да ги објави на својата веб страница и/или на начин на кој ќе бидат достапни на јавноста.

Операторот на универзална услуга треба да им обезбеди на своите корисници можност за контрола на трошоците согласно членот 114 став (2) од ЗЕК (Контрола на трошоци).

Операторот на универзална услуга треба на своите корисници бесплатно да им изготви и достави детална сметка, освен на оние кои писмено го известиле операторот на универзална услуга дека сакаат да им се доставува недетална сметка. Деталната сметка треба особено да содржи:

- Пресметковниот период на кој се однесува сметката,
- Износот на претплатата,
- Видот и износот на еднократните и другите надоместоци за пресметковниот период,
- Направени повици и нивното времетраење,
- Број на пресметковни единици и вкупно пресметани износи за:
  - Национален сообраќај
  - Меѓународен сообраќај
  - Сообраќај кон мобилни и/или фиксни јавни комуникациски мрежи,
  - Пренос на податоци (одделно за пристап на интернет и одделно за интернет сообраќај) и,
  - Други дополнителни услуги.

Деталната сметка не ги вклучува повиците кон бесплатните броеви и кон броевите на службите за итни повици.

Операторот на универзална услуга треба да ги нуди услугите со следните минимални услови за квалитет:

- Времето на воспоставување на услугата на фиксна локација не може да биде подолго од 30 дена за 95% реализирани приклучоци во една календарска година, односно 60 дена за 99% реализирани приклучоци во една календарска година.

- Зачестеноста на пријавени дефекти на корисничка линија не смее да надмине вредност од 15% во една календарска година.

- Времето за отстранување на пријавен дефект на корисничка линија не може да биде подолго од 24 часа за 80% пријавени дефекти во една календарска година.

- Отстранувањето на пријавени дефекти на пристапните линии до службата што го опслужува единствениот број за итни повици Е- 112 има предност во однос на отстранувањето на сите други видови на пријавени дефекти во текот на 24 часа секој ден во неделата во согласност со посебен пропис со кој се регулира работењето на службата што го опслужува единствениот број за итни повици Е-112.

- Зачестеноста на неуспешни повици во јавната електронска комуникациска мрежа на операторот на универзална услуга не може да премине вредност од 2% во една календарска година.

- Просечното време на воспоставување на повик во јавната електронска комуникациска мрежа на оператор на универзална услуга не може да премине вредност од три секунди во една календарска година.

- Времето на воспоставување на повик во јавната електронска комуникациска мрежа на операторот на универзална услуга во која се воспоставени 80% повици во една календарска година не може да премине вредност од пет секунди.

- Просечното време на јавување на лицето-оператор од надлежната служба на операторот на јавната телефонска мрежа не може да премине вредност од 15 секунди во една календарска година.

- Процентот на повици на кои лицата-оператори од надлежната служба на операторот на јавна телефонска мрежа одговориле во период до 20 секунди не може да биде помал од 80% во една календарска година.

- Зачестеноста на приговори за износот на сметката за обезбедената универзална услуга не може да биде поголема од 0,5% во една календарска година.

2. Обезбедување на услуги за информации и јавен именик

Агенцијата за електронски комуникации распишува јавен тендер за избор на даватели на универзална услуга за обезбедување на услуги за информации и јавен именик за корисниците во Република Северна Македонија, под услови и на начин утврдени во членот 108 од ЗЕК и членовите 11-16 од Правилникот. Со услугата за информации на корисниците им се обезбедуваат информации од јавниот именик на сите крајни корисници во Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и корисниците на јавните телефонски говорници.

Давателот на универзална услуга е должен податоците за крајните корисници на сите оператори, да ги вклучи во јавниот именик и во евиденцијата на службата за давање на информации. Јавниот именик ќе содржи најмалку еден телефонски број од правните и физичките лица кои вршат дејност.

Давателот на универзална услуга во јавниот именик ги вклучува податоците за крајните корисници кои дале согласност за нивно објавување, во согласност со член 11 и членовите 13-15 од Правилникот. Во јавниот именик не се објавуваат податоци за крајните корисници кои не дале согласност да бидат објавувани.

Давателот на универзална услуга за обезбедување на јавниот именик го обезбедува именикот во електронска форма.

Јавниот именик треба да содржи податоци особено за:

- телефонските претплатници кои се физички лица: име, презиме, евентуално титулар, адреса и телефонски број;

- телефонските претплатници што се правни или физички лица кои вршат дејност: назив, седиште, адреса на сите деловни единици (доколку ги има) со соодветните телефонски броеви, а најмалку еден телефонски број за секоја адреса.

Давателот на универзална услуга за обезбедување на јавниот именик е должен податоците за крајните корисниците на различни оператори да ги прикаже на идентичен и недискриминаторски начин во јавниот именик. Во јавниот именик кој е достапен во електронска форма промените на податоците за крајните корисниците се прикажуваат во рок не подолг од 24 часа од приемот на променетите податоци и истиот се ажурира постојано.

Податоците за крајните корисниците од јавниот именик треба да и бидат на располагање на службата за давање на информации за броевите на крајните корисници од јавниот именик, на транспарентен и недискриминирачки начин. Податоците на крајните корисниците од јавниот именик можат да бидат користени само за онаа намена за која корисникот му дал писмена согласност на својот оператор, како и во случаи утврдени со закон.

Давателот на универзална услуга податоците за крајните корисниците од јавниот именик ќе ги добива од операторите, во согласност со начелата на непристрасност, недискриминација и по цени базирани на трошоци.

Давателот на универзална услуга за обезбедување на јавниот именик во договор со сите оператори го утврдува образецот за доставување на податоци за крајните корисници и истиот треба да содржи податоци особено за:

- телефонските корисници кои се физички лица: име, презиме, евентуално титулар, адреса и телефонски број;

- телефонските корисници кои се правни или физички лица кои вршат дејност: назив, седиште, адреса на сите деловни единици (доколку ги има) со соодветните телефонски броеви, а најмалку еден телефонски број за секоја адреса;

- согласност, односно забрана од телефонските корисници кои се физички лица нивните податоци или дел од податоците да бидат објавени во јавниот именик или до тие податоци да може да се дојде преку телефонската служба за информации.

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавниот именик ја определува постапката, начинот, роковите и временската рамка кога операторите треба да ги достават податоците или измените на податоците за своите корисници.

Операторите ги доставуваат податоците најмалку еднаш годишно, а нивните измени во рок од 48 часа согласно член 14 ставови (3) и (4) од Правилникот.

При пренесување на телефонски број кај друг оператор, операторот – примател е одговорен за доставување на податоците за крајниот корисник во јавниот именик согласно член 14 став (6) од Правилникот. Операторите ги информираат крајните корисници за нивните права и постапуваат по нивните согласности за вклучување, повлекување или бришење на податоците без надоместок, согласно член 15 од Правилникот.

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на јавниот именик не е одговорен за објавените податоци во јавниот именик, а кои му ги доставил соодветниот оператор. За точноста на податоците одговорни се операторите.

Давателот на универзалната услуга за обезбедување на телефонска служба за информации треба да им обезбеди можност на крајните корисници да ги добијат податоците за крајните корисници кои се објавени во јавниот именик преку :

- повикување на скратен број, определен со Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија и кој е достапен од сите јавни телефонски мрежи во Република Северна Македонија;

- испраќање на кратка текстуална порака на скратен број, определен со Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија и кој е достапен од сите телефонски мрежи во Република Северна Македонија, а која обезбедува можност за испраќање на текстуални пораки; и/или,

- пристап на интернет портал, без наплата на надоместок.

Податоците што ги води службата за информации јавниот именик треба да се ажурираат на секој 48 часа, согласно член 16 став (4) од Правилникот.

Давателот на универзална услуга треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија по еднакви цени.

Давателот на универзална услуга треба да понуди посебни цени, што се разликуваат од оние што се обезбедуваат врз основа на стандардни комерцијални услови со цел на крајните корисници со статус на социјален случај и/или на крајните корисници со посебни социјални потреби согласно со закон, да им се обезбеди користење на услугите опфатени со оваа универзална услуга.

Давателот на универзална услуга е должен цените за услугите што ги обезбедува како универзална услуга да ги објави на својата веб-страница и/или на начин на кој ќе бидат достапни на јавноста.

Давателот на универзална услуга треба да преземе посебни мерки со цел на лицата со попреченост да им се обезбеди пристап до услугата и прифатливост на цените на услугите, еквивалентни на оние што ги имаат другите крајни корисници во Република Северна Македонија.

Службата за давање на информации преку повикување на скратен број треба без надоместок, да му биде достапна на корисник на јавна говорница, како и на корисник кој е со оштетен вид или на некој друг начин му е оневозможено читање на телефонски именик, а кој е регистриран како лице со попреченост.

Службата за давање на информации од јавниот именик преку испраќање на кратка текстуална порака треба без надоместок, да му биде достапна на корисник со оштетен слух кој не е во можност да ја добие бараната информација преку повикување на скратен број.

Квалитет на универзалната услуга:

Давателот на универзална услуга треба да ги нуди услугите со следните минимални услови за квалитет:

- Просечното време на јавување на лицето-оператор задолжено за давање информации не може да премине вредност од 15 секунди во една календарска година.

- Процентот на повици на кои лицата-оператори задолжени за давање на информации одговориле во период до 20 секунди не може да биде помал од 80% во една календарска година.

3. Обезбедување на услуги за јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги

Агенцијата за електронски комуникации распишува јавен тендер за избор на еден давател на универзална услуга за обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги со цел да се задоволат разумните потреби на крајните корисници од аспект на географската покриеност, број на телефонски говорници или други пристапни точки, со можност за пристапност на крајните корисници со попреченост и со соодветен квалитет на услугата во согласност со членот 109 став(1) од ЗЕК.

Како баратели за поставување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги можат да се јават:

- Здруженија на лица со различни видови на попреченост (оштетен вид, слух, итн)
- Јавни установи, како казнено поправни домови,

- Универзитетски центри,
- Здравствени центри,
- Национални паркови,
- Автопатишта итн,

Давателот на универзална услуга треба да обезбеди можност од сите поставени јавни телефонски говорници бесплатно да се бираат броевите на службите за итни повици.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди можност од сите поставени јавни телефонски говорници бесплатно да се повикува и бројот на службата за информации од јавниот именик, согласно член 17 став (2) од Правилникот.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди поставените јавни телефонски говорници да прифатат и поинаков начин на наплата, како што се монети, дебитни и кредитни картички или при-пејд картички.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди разумен број и поставеност на јавните телефонски говорници што ќе бидат прилагодени за лицата со попреченост, а во координација со здруженијата на лица со попреченост.

Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди одреден број од јавните телефонски говорници да бидат достапни и употребливи за лица што користат инвалидска количка.

Давателот на универзална услуга по барање поднесено од страна на разумен број на крајни корисници со оштетен слух или на крајни корисници со сериозни говорни проблеми, треба на одредена локација да постави јавни телефонски говорници со можност за текстуална комуникација.

Доколку Агенцијата за електронски комуникации определи друг давател на универзална услуга за одредено подрачје, дотогашниот давател на универзална услуга е должен да го информира новиот давател на универзална услуга за состојбата и покриеноста на тоа подрачје со јавни телефонски говорници, согласно член 17 став (5) од правилникот.

Давателот на универзална услуга може да го прекине обезбедувањето на јавни телефонски говорници на одредена локација особено во следниве случаи:

- доколку во непосредна близина на јавната телефонска говорница е поставена друга јавна телефонска говорница и

- доколку јавната телефонска говорница е уништена или сериозно оштетена најмалку три пати последователно во период од една година.

Давателот на универзална услуга треба да ја нуди услугата на сите крајни корисници на територијата на Република Северна Македонија по еднакви цени.

Давателот на универзална услуга треба да понуди посебни цени, што се разликуваат од оние што се обезбедуваат врз основа на стандардни комерцијални услови со цел на крајните корисници со статус на социјален случај и/или на крајните корисници со посебни социјални потреби согласно со закон, да им се обезбеди користење на услугите опфатени со оваа универзална услуга.

Давателот на универзална услуга е должен цените за услугите што ги обезбедува како универзална услуга да ги објави на својата веб страница и/или на начин на кој ќе бидат достапни на јавноста.

Давателот на универзална услуга треба да преземе посебни мерки со цел на лицата со попреченост да им се обезбеди пристап до услугата и прифатливост на цените на услугите, еквивалентни на оние што ги имаат другите крајни корисници во Република Северна Македонија.

Квалитет на универзалната услуга:

Давателот на универзална услуга треба да ги нуди услугите со следниве минимални услови на квалитет:

- Уделот на исправни јавни телефонски говорници не може да биде помал од 98% во една календарска година.

Право на учество на јавниот тендер и документација што кандидатите треба да ја достават

Член 4

Право на учество на јавниот тендер за обезбедување на услугите определени во алинеите 1,2 и 3 од членот 2 на оваа Одлука имаат сите домашни и странски правни лица, кои ќе ја подигнат тендерската документација и ќе поднесат понуда за учество во постапката за избор на оператор и/или давател на универзална услуга согласно условите утврдени во тендерската документација.

Документацијата која треба понудувачите да ја достават подетално ќе биде специфицирана во тендерската документација.

Критериуми на оценување за избор на оператор и/или давател на универзална услуга

Член 5

Критериуми за избор на оператор на универзалната услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги

Критериумите за избор на оператор и/или давател на универзална услуга врз основа на кои ќе се изврши избор на оператор на универзалната услуга за

обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги се:

1. Подготвеност на понудувачот да ја обезбеди услугата, а ќе се оценува според рокот за кој операторот на универзалната услуга ќе ја обезбеди брзината на пренос на податоци од 30 Mbps - 20 бодови.

Понудувачите за обезбедување на услугата добиваат бодови според следната формула:

К1=(1- Ai/12) * 20

каде што:

К1- број на бодови;

Ai - рок (изразен во месеци) за кој понудувачот се обврзува дека ќе ја обезбеди брзината на пренос од 30 Mbps на понудувачот кој се оценува.

Рокот за обезбедување на пристап до интернет со брзината од 30Mbps не може да биде подолг од 12 месеци од склучување на договорот; понуда со подолг рок не го испонува овој услов.

2. Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата - 80 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата за вкупно времетраење на договорот добива 80 бодови.

Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според следната формула:

К2= (Amin / Ai) * 80,

каде што:

К2 – број на бодови;

Amin - најнизок понуден нето трошок на било кој од понудувачите;

Ai - понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

За понуди со 0 побаран надомест од компензацискиот фонд, бодувањето за критериумот трошок се врши на следниов начин: секој понуда со 0 побаран надомест ги добива максималните 80 бодови доколку постои најмалку една таква понуда. Кога понудите се со барање зањ надомест од компензацискиот фонд се применува формулата К2.

Критериуми за избор на давател на услуга за информации и јавен именик

Критериумите за избор на давател на услуга за информации и јавен именик врз основа на кои ќе се изврши избор на давател на универзалната услуга се:

1. Понудувачот треба да има најмалку една референца за успешно обезбедување на ваков тип на услуга за друга компанија или истата да ја обезбедува за сопствени потреби. Доколку нема ниту една референца или понудувачот не ја обезбедува услугата за сопствени потреби, понудата на понудувачот нема да биде разгледувана.

2. Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата - 100 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата на која се однесува понудата за вкупно времетраење на договорот добива 100 бодови.

Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според следната формула:

К3 = (Amin / Ai) * 100,

каде што:

К3 – број на бодови;

Amin - најнизок понуден нето трошок на било кој понудувач;

Ai - понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

За понуди со 0 побаран надомест од компензацискиот фонд, тие понуди добиваат максимални 100 бодови. Кога сите понуди се со позитивни износи се применува формулата К3.

Доколку повеќе понудувачи остварат еднаков највисок број на бодови или доколку повеќе од еден понудувач не побаруваат средства од компензацискиот фонд и со тоа имаат еднаков број на бодови по оценувањето, ќе бидат избрани и повеќе од еден давател на оваа услуга.

Критериуми за избор на давател на универзална услуга за јавни телефонски говорници

Критериумите за избор на давател на услуга врз основа на кои ќе се изврши избор на давател на универзална услуга за јавни телефонски говорници се:

1. Подготвеност на понудувачот да ја обезбеди услугата, а ќе се оценува според рокот за кој давателот на универзална услуга треба да ја обезбеди услугата - 20 бодови.

Понудувачите за обезбедување на услугата добиваат бодови според формулата:

К4=(1- Ai/12) * 20,

каде што:

К4 – број на бодови;

Ai - рок (изразен во месеци) за кој понудувачот ќе ја обезбеди услугата на понудувачот кој се оценува.

2. Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што понудувачот ќе го побара за обезбедување на услугата - 80 бодови.

Понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата на која се однесува понудата за вкупно времетраење на договорот добива 80 бодови.

Останатите понудувачи за обезбедување на истата услуга добиваат бодови според формулата:

K5 = (Amin / Ai) * 80,

каде што:

K5 – број на бодови;

Amin - најнизок понуден нето трошок на било кој понудувач;

Ai - понуден нето трошок на понудувачот кој се оценува.

За понуди со 0 побаран надомест од компензацискиот фонд, тие понуди добиваат максимални 80 бодови. Кога сите понуди се со позитивни износи се применува формулата К5.

Банкарска гаранција за квалитетно исполнување на обврските

Член 6

Понудувачите треба со понудата да достават банкарска гаранција за квалитетно исполнување на обврските од договорот со избраните оператори и/или даватели на универзална услуга во висина од 5% од понудениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга, посебно за секоја од услугите опфатени со универзалната услуга.

Рок и начин на поднесување на понудите

Член 7

Рокот за доставување на понудите е до 7 декември 2026 година, до 12 :00 часот.

Понудата со придружните документи се доставува во еден примерок во оригинал во писмена форма на македонски јазик или фотокопија заверена кај понудувачот и потпишана од одговорното лице на понудувачот или од лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице во прилог се доставува и овластување за негово потпишување, потпишано од одговорното лице. Сите страници на понудата и придружните документи треба да бидат

парафирани од одговорното или овластеното лице. Понудата и придружните документи не треба да бидат постари од шест месеци. Понудата треба да се достави во затворен коверт во кој треба да се стават два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата и носи ознака „ПОНУДА“, а другиот внатрешен коверт ја содржи документацијата и носи ознака „ДОКУМЕНТАЦИЈА“. Предната страна на ковертот на горниот лев агол треба да носи ознака „НЕ ОТВОРАЈ“ и бројот на јавниот тендер. На ковертот не треба да стојат ознаки со кои може да се идентификува подносителот. Понудата со придружните документи се доставува по пошта или во архивата на Агенцијата на следната адреса: АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ (Комисија за спроведување на јавен тендер за избор на оператор и/или давател на универзална услуга) кеј "Димитар Влахов“ број 21, 1000 Скопје Република Северна Македонија.

Место и време кога заинтересираните страни можат да подигнат тендерска документација, цена на тендерската документација, начинот на плаќање и лица за контакт

Член 8

Заинтересираните страни можат да ја подигнат тендерската документација по уплата на износ од 15 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на следната сметка на Агенцијата за електронски комуникации: 210-0600528401-42, депонент НЛБ Банка, цел на дознаката: за Тендерска документација за јавен тендер за избор на оператор и/или давател на универзална услуга. Тендерската документација ќе може да се подигне од архивата на Агенцијата за електронски комуникации секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

Лица за контакт од кои заинтересираните страни можат да побараат дополнителни информации се:

- Живко Белчев (за технички прашања) – zivko.belcev@aec.mk

- Васил Ѓатовски (за правни прашања) – vasil.gjatovski@aec.mk

Сите прашања и одговори во врска со Тендерската документација, ќе бидат објавувани анонимно и на веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации, со адреса www.aec.mk.

Адреса, место, датум и време на јавното отворање на понудите

Член 9

Јавното отворање на понудите ќе се изврши во просториите на Агенцијата за електронски комуникации на 10 декември 2026 година во 11:00 часот. Претставниците на понудувачите кои ќе присуствуваат на јавното отворање на понудите, треба да и предадат на Комисијата за спроведување на јавен тендер писмено овластување од понудувачот за учество на јавното отворање.

Рок во кој понудувачите ќе бидат известени за донесената одлука

Член 10

Понудувачите ќе бидат известени за донесената одлука за избор на оператор и/или давател на универзална услуга во рок од пет дена од денот на нејзиното донесување.

Рок во кој ќе се склучи договор со избраниот оператор и/или давател на универзална услуга

Член 11

Агенцијата склучува договор со избраниот оператор и/или давател на универзална услуга во рок од 10 дена, сметано од денот на донесување на одлуката за избор.

Времетраење на договорот

Член 12

Агенцијата за електронски комуникации со избраниот оператор и/или давател на универзалната услуга, по спроведената постапка на јавен тендер ќе склучи договор за обезбедување на универзалната услуга за период од три години, согласно член 111 од ЗЕК. Избраниот оператор и/или давател доставува податоци до Агенцијата за електронски комуникации за обезбедувањето на услугата на секои 6 месеци, согласно ЗЕК и извештаи за квалитетот според Правилникот и прилог 1 од истиот. Нето трошоците се водат во посебно сметководство за секој услуга, а евентуалната компензација се бара и се одобрува согласно член 119 од ЗЕК, и членовите 32-36 од Правилникот, побараниот износ не претставува автоматско право на исплата.

Операторот или давателот кои бара компензација од фондот за универзална услуга е должен до 31 мај во тековната година да достави барање и сметководствени податоци за претходната година, согласно член 32 став (3) од Правилникот. Агенцијата го утврдува надоместокот по проверка на оправданоста и постоењето на неоправдано оптоварување.

При одобрувањето на нето трошоците Агенцијата за елекронки комуникации ги зема во предвид нето трошоците понудени на јавниот тендер. Разликата на нето трошоците може да се прифати само ако се промениле условите што постоеле за време на јавниот тендер и операторот и/или давателот ја докажал оправданоста на отстапувањето на објективна и транспарентна основа, согласно член 32 став (5) од Правилникот.

Член 13

Комисијата за спроведување на јавниот тендер ќе биде формирана со посебно решение донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Член 15

Оваа одлука се објавува и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Директор

Nusret Haliti

